# ПРЕДЛОГ ЕЛАБОРАТ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ПЛАНИНСКА ПАТЕКА

ПРЕДЛАГАЧ НА ПАТЕКАТА: ОПШТИНА КРУШЕВО

## 1. Опис на патеката

Предлог планинската патека под име Урбан Спуст претставува планинско велосипедска патека е во должина од 2.5км и е наменета за сите категории на велосипедисти. Спаѓа во категорија на зелено плава патека според меѓународните норми и стандарди на ИМБА (Интернационалната планинско велосипедеска асоцијација) и на МАМБА (македонската асоцијација за планински велосипедизам членка на ИМБА). Патеката е надополна на постоечките велосипедски патеки кој постојат во планинскиот дел на Крушево и ќе допринесе на збогатување на туристичката понуда за адреналински спортови што Крушево ја нуди долги години наназад. Патеката е поставена и направена со цел да поминува низ атрактивна природна околина при тоа да се избегнат секакви нарушувања на прирородата и околината.

Патеката во должина од 2500 метри (2.5км) започнува на во југо западниот дел од Крушево во близина на завршетокот на жичарата во Крушево додека завршува во самиот град Крушево каде што започнува жичарата во Крушево. Висинската разлика е 166 метри а највисоката точка е на 1396 метри. Пристапот на патеката е можен од повеќе точки, од јужниот пристапен макадам пат кој води до ски центарот Стајиќ, жичарата на падините на Крушево како и преку асфалтниот и земјениот пат од северо западниот дел на Крушево кој водат до ски центарот Стајиќ. Разните туристкички и историски знаменитости на Крушево се лесно достапни на пристапните патеки кој водат кон оваа планинско велосипедската патека. Целта и намената на патеката е да ја зголеми туристичката понуда на Крушево како и да овозможи на сите групи на велосипедисти кој ја користат жичарата и патеките на падините на Крушево безбедно и атрактивно да се симнат во градскиот урбан дел на Крушево.

Патеката е составена од три дела споени во една патека. Првиот дел е во должина од 1350метри и се движи по јужниот дел од планината над Крушево. Овој дел од патеката поминува низ предел кој не е шумски и е релативно рамен и тревнат во близина на локалната црква и поставените репетитори на мобилните оператори. Потоа патеката преминува во вториот дел, шумскиот дел насаден со бука во дожина од околу 750 метри. Со цел на избегнување било какви интервенции на околината патеката поминува помеѓу дрвата со избегнување на корења и останата флора. Крајниот, третитот дел од патеката последните 400 метри се водат низ улиците и низ урбаниот,градскиот дел на Крушево. Исто како и претходните делови овој дел од патеката исто така ќе биде обележат со знаци за внимание за сите учестници во сообраќајот со тоа што поголемиот дел од овој дел е пешачки.

## 2. Географско простирање со должина на патеката

Патеката се простира на територија на општина Крушево и е во должина од 2500 метри (2.5км). Истата се простира на југозападниот дел на падините од Крушево и започнува на надморска висина од 1396 метри а завршува на 1230 метри надморска висина со висинска разлика од 166 метри. Почетокот, трасата на патеката започнува во близина на жичарата на околу 50метри од нејзиниот завршеток со координати на почетната точка се Latitude 41°21'58.47"N Longitude 21°14'21.67"E и не навлегува во делот на функциониањето на жичарата и патеката што се користи за скијање. Потоа патеката по правец на југ се движи во должина од околу 1350 метри пред да навлезе во буковата шума. Крајната точка се наоѓа на почетокот од жичарата во самото град Крушево на координати Latitude 41°22'2.59"N Longitude 21°14'44.63"E. Патеката е во ширина од 600 до 900м а просечната елевација на патеката е -8% додека маскималната елевеација на земјениот дел од патеката е -15%. Целокупната земјена патека е мерена со помош на Suunto инклинометар.

3. Категоризација на патеката согласно со намената и тежината
   - Според намената: велосипедска патека
   - Според тежината: лесна
     (зелено плава според стандардите и нормите на ИМБА/МАМБА)

4. Опис на природните живеалишта, растителните и животински видови и самоникнати габи на земјиштето преку кое поминува патеката

Целокупната патека е во близина на урбаниот, градскиот дел од Крушево и значителни животински видови и нивни траги на движење не се бележат поради присуство на луѓе и звуци. Растителните видови, флората низ која поминува патеката е релативна мала односно во ограничени размери поради природата на самиот терен и составот на почвата. Почетниот дел од патеката поминува 1350 метри каменест предел кој е со ниска обрасната вегетација. Во овој дел не постојат високо стеблести дрва и скоро целиот дел е прекриен само со тревнаста вегетација. Вториот дел од патеката во должина од 750 метри се движи низ високо стеблести букови дрва. Поради високите обраснати дрва и немање доволно светлина во шумскиот дел од патеката освен дрвата друга вегетација и да нема. Самоникнатите габи на земјиштетот не постојат освен мал дел кој се веднаш до самите стебла но патеката не поминува во нивна близина. Третиот дел од патеката е урбан и асфалтиран и таму не постои никаква вегетација каде што поминува патеката.

5. Преглед на туристичкиот интерес на пределот низ кој поминува патеката

Крушево претставува колевка на македонската историја и традиционална архитектура. Многубројните историски, културни и туристички знаменитости долги години го прават Крушево како една од топ туристички дестинации во С.Македонија. Покрај овие знаменитости Крушево претставува и позната дестинација за спортски туризам како резултат на бројните спортски настани што се одржуваат во текот на годината. Како еден успешен пример е фактот што Крушево се смета за топ светска дестинација за адреналински спортови благодарение на параглајдингот при што повеќе од 5000 параглајдеристи го посетуваат Крушево во текот на една година. Пример за етаблирањето на Крушево на светско ниво во параглајдинг е одржаното светско првенство во 2019та година.

6. Трошоци за уредување и одржување на патеката

   - трошоци за уредување на планинската патека во вкупен износ од 1,650,000 денари

   - трошоци за одржување на планинската патека во вкупен износ од 300,000 денари годишно

7. Мапа на планинската патека со просторен приказ

https://oxygen.mk/images/krusevo_final.kml






8. Други податоци што се значајни за планинската патека

Оваа планинско велосипедска патека е дизајнирана и изработена од страна на реномираниот планинско велосипедскиот клуб Оксижен формиран во 1997 година за потребите на Општина Крушево во рамки на проектот за прекугранична соработка помеѓу општина Крушево, С.Македонија и градот Елбасан во Р.Албанија.

Датум и место

16.11.2023

Крушево

МП

Потпис на службено лице